**ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЗАНАТЕЧИИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

Со овој правилник се пропишува начинот и видот на субвенционирање на најпогодените категории од занаетчиите на подрачјето на општина Охрид согласно мерка 3.2 од Г1 Програмата за поддршка на Локален економски развој. Вкупниот предвиден буџет за оваа намена е 400.000 МКД. ден.

Оваа мерка предвидува директна еднократна парична помош во висина од 9.000,00 МКД до најпогодената категорија на занаетчии од пандемијата на вирусот Ковид – 19, со цел задржување на работните места и зачувување на овие занаети од изумирање. Со оглед на тоа дека приходите на овие категории занаетчии во голем дел зависат од туризмот и посетителите на градот (во период во кој овие туристички посети се сведени на минимум), постои опасност од нивно целосно изумирање. Регионалнта Занаетчиска Комора на Охрид, согласно нејзините надлежности цитирани во чл. 56 од Законот за Занаетчиство („Службен весник на РМ“ бр. 15/2015) како најзагрозени занаетчиски дејности на територијата на општина Охрид ги издвои: Филигран, Изработка на накит, Уметничко творештво, Резабари, Бакорез, Чевлари, Шивачи, Опинчари, РТВ маеханичари и Метлари.

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Правилникот ги дефинира условите за нивно субвенционирање почнувајќи од денот на негово објавување во Службен Гласник на општина Охрид. Истиот ќе биде на сила до донесување на нов правилник, измена на истиот или негово укинување.Согласно Г1 Програмата за Локален економски развој, мерка 3.2 Субвенционирање на занаетчии („Службен гласник на општина Охрид “бр.09-11545/59 од 29.12.2020) предвидени се средства во финансиски износ од 400.000,00 МКД.

Член 2

Согласно податоци од Регионална Занаетчиска Комора на Охрид, право на учество имаат занаетчиските дејности кои се дефицитарни занаети, кои се регистрирани согласно Законот за Занаетчиство како физички и правни лица („Службен весник на РМ“ бр. 15/2015) и чие норамално функционирање е поврзано со туризмот како најзагрозени од последиците на пандемијата со вирусот КОВИД 19:

- Филигран, Изработка на накит, Уметничко творештво, Резабари, Бакорез, Чевлари, Шивачи, Опинчари, РТВ маеханичари и Метлари.
- Сите регистрирани занаетчии од овие дејност кои имаат сопствен дуќан ли под закуп лоциран на подрачје на Општина Охрид
- Занаетчиите кои имаат намирени обврски кон Општина Охрид, (комунална такса – фирмарина) за 2019 и 2020 год заклучно со датата на поднесување на барањето - овие податоци Комисијата надлежна за спроведување на повикот ќе ги обезбеди по службен пат.
- Започнале со работење најмалку 1 (една) година пред објавувањето на јавниот повик (регистрација/упис во Регистарот на занаетчии).

## НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Член3

За да биде подобен за аплицирање барателот на субвенција треба занаетчиството да му биде примарна дејност за егзистенција и да ги исполнува следните услови за учество на Јавниот повик, да достави:

•Барање за субвенционирање на занаетчии на територијата на општина Охрид (Барањето може да се подигне во архивата на Општина Охрид или да се обезбеди од интернет страницата на општина Охрид www.ohrid.gov.mk):

•Копија од Занаетчиска дозвола/лиценца издадена од Занаетчиска Комора на Охрид на РСМ;

•Тековна состојба од Централниот регистар на РСМ не постара од 6(шест) месеци;

Горенаведената документација целосно пополнета се доставува во 1 оригинален примерок. Ненавремена и нецелосна документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

## НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 4**

1.Барањата од занаетчиите ќе ги разгледува Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на занаетчии, формирана од Градоначалникот на Општина Охрид .

2.Изборот на апликантите кои ги исполнуваат условите утврдени во Јавниот повик**, ќе се прави запазувајќи го принципот "прв дојден, прв услужен",** односно по редослед на поднесување на барањата во архивата на општина Охрид до исцрпување на расположивите средства.

3.Исплатата на средствата ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања, се до исполнување на предвидениот буџет за оваа намена.

4.Доколку бидат исцрпени предвидените финансиски средства, комисијата надлежна за спроведување на на постапката ќе го објави завршувањето на Јавниот повик преку официјалната веб-страна на општина Охрид. Финансиските средства ќе се сметаат за исцрпени односно доделени кога на предлог на комисијата, Градоначалникот ќе донесе решение за исплата на средствата.

5.Еден Барател/апликант може да користи/аплицира за субвенции само еднаш по објавениот јавен повик.

6.Јавниот повик ќе биде објавен на официјалнта веб страница на општина Охрид www.ohrid.gov.mk

7.Времетраењето на јавниот повик е од денот на објава на јавниот повик до исцрпување на финансиските средсва наменети за повикот но не подолго од 15 дена од денот на неговото објавување.

НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА НАДОМЕСТОК

Член 5

(1) Градоначалникот на општина Охрид врз основа на Предлогот на комисијата носи решение за одобрување на Барањата за субвенционирање на занаетчиите на подрачјето на општина Охрид.

(2) Сите физички или правни лицаз(занаетчии) кои ќе бидат субвенционирани ќе бидат дополнително контактирани за доставување на трансакциска сметка.

(3) Комисијата ги известува барателите кои не ги исполниле условите согласно Јавниот повик за одбивање на барањето. Занаетчиите кои нема да бидат субвенционирани, нивните документи ќе бидат вратени.

(4) Документите кои ќе бидат доставени имаат важност на чување од 5 години.

ВИСИНА НА СУБВЕНЦИИ

Член 6

Средствата што општина Охрид ќе ги субвенционира се во износ од 9.000,00 МКД со вклучен персонален данок на доход во форма на еднократна директна парична помош.

ИСПЛАТА НА СУБВЕНЦИИ

Член 7

Субвенцијата се пресметува и исплаќа во денари. Општина Охрид пресметаниот износ на субвенцијата ја уплаќа на сметка на барателот, која дополнително ќе биде побарана од комисијата доколку Барателот ги исполнува условите наведени во правилникот и јавниот повик.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 8

Овој правилник ќе биде објавен во Службен гласник на општина Охрид.

**ОПШТИНА ОХРИД**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

Д-р Константин Георгиески

**БАРАЊЕ**

**БАРАЊЕТО ГО ПОПОЛНУВА ПОДНОСИТЕЛОТ СО ПЕЧАТНИ БУКВИ**

Назив на физички/правен субјект

______________________________________________

Име и Презиме на барателот

______________________________________________

Адреса на вршење на дејност

______________________________________________

Адреса на живеење(улица и број): ______________________________

Општина:________________________

ЕМБС на правниот субјект

_________________________________

ЕМБГ на физичкиот субјект

_________________________________

Број на телефон/ и маил:

_________________________________

**Б А Р А Њ Е**

За субвенционирање на занаетчии на територија на општина Охрид

**1.** Податоци за Барателот/ вид на занаетчиска дејност:

☐Филигран
☐Изработка на накит
☐Уметничко творештво
☐Резабари
☐Бакрорез
☐Чевлари
☐Шивачи
☐Опинчари
☐РТВ механичари
☐Метлари

**Кон барањето ги приложувам следните документи:**

☐Занаетчиска дозвола/лиценца издадена од Занаетчиска Комора на Охрид на РСМ

☐Тековна состојба од Централниот регистар на РСМ не постаро од 6(шест) месеци;

☐Подмирени обврски кон Општина Охрид (комунална такса - фирмарина)за 2019 и 2020г. – податоците ќе ги обезбеди комисијата надлежна за спроведување на повикот по службен пат.

***Изјава: Изјавувам дека сум согласен моите лични податоци да се користат за потребите на општина Охрид во постапката за решавање на предметот.***

**Датум:_______________**
**Место:_______________**
**Подносител:**

**Напомена: Во предвид ќе се земат целосно пополнети Барања со приложена комплетна документација.**